30810

ИЗЛОЖБИ

# ПИКТУРАЛНО ТКАЕЊЕ

**● (ЗА НОВИТЕ СЛИКИ НА АЛЕКСАНДАР ЈАНКУЛОВСКИ — ЦАНЕ ВО ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА И ИНФОРМАЦИИ ВО СКОПЈЕ)**

Александар Јанкуловски —Цане (1937), иако во Училиштето за применета уметност учеше вајарство, нè изненади кога во 1960 година, на својата прва самостојна изложба ни се претстави со слики. И бидејќи во сликарскиот медиум постигна голем успех, тој сосема го запостави медиумот на скулптурата, продолжувајќи да слика со ист интензитет, секогаш останувајќи верен на своите првобитни ликовни концепции, кои се темелот врз искуствата на енформелот.

И на оваа своја последна самостојна изложба во Центарот за култура и информации во Скопје, продолжува да нè уверува во квалитетот на своите слики, обезбедувајќи си заслужено место во тенденцијата на македонскиот енформел, афирмирајќи форми и пиктурални вредности кои се автентични, наполно оригинални и импресивни.

**Јанкуловски всушност тргнува од два извора, од две основни инспирации. Прво, како што рековме, од модерните сликарски с... кања, од енформелистичкиот третман на ликовниот предмет, и второ, од македонскиот национален фолклор (текстилна рустика и воопшто рустикална визуелност и естетика), во што е близок до ликовната концепција на Ордан Петлевски, иако во крајниот резултат тие се различни.**

Симбиозата на модерното и рустикалното, односно традиционалното во народна смисла, Јанкуловски ќе го одведе до еден вид на сликарска анализа, каде што авторот ќе се сконцентрира врз отсликување на нервниот систем н... современиот живот. Имен... секоја негова слика може да се разбере и како една варијанта на сликарска анатомија, на едно отворање на нервот, ембрионот на предметот.

Предметите на неговите слики, се разбира, кај гледачот раѓаат повеќе асоцијации, тоа се всушност форми налик на некакво таинствено ртење, на разни анатомски детали и нервни јазли, згуснати или разлистени плазми, физички облици кои визуелно се блиски со некои зооморфни или антропоморфни фигури, и најпосле, тие имаат симболично, па дури и митолошко и тотемско значење.

Но од сите нив зрачи една густа пиктуралност, сликарскиот начин на Јанкуловски можеме да го наречеме суптилно макотрпно пиктурално ткаење тој небаре со невидливи игли го поткрпува секој детаљ на композицијата, не остава ништо случајно да виси и постигнува, по пат на своевидна интуиција, привлечно и возбудливо колоритно хармонизирање. Пиктуралните нишки излегуваат како зрачна материја од загаточната и притаена сликарска атмосфера

Паскал **ГИЛЕВСКИ**

**ВЕЧЕР** ☆ 13 октомври 1983 година

6301, 10,